## Права и обврски на координаторот и училиштата-домаќини

1) Училиштата-домаќини се должни да обезбедат доволен број училници и тестатори за натпреварот, а тоа да бидат наставници кои **не предаваат** хемија, биологија-хемија или природни науки. Овие наставници се одговорни за дисциплината и регуларноста на натпреварот во соодветната училница и за оваа нивна активност добиваат потврда од СХТМ (нивните имиња и потписи се доставуваат во Записникот).
2) Координаторот прави распоред на седење на учениците, така што учениците од исто училиште треба да бидат максимално **оддалечени** еден од друг во училницата. Списоци со распоред на ученици треба да бидат истакнати на видно место на влезот на училиштето, како и на вратата на секоја училница во која што ќе се натпреваруваат учениците.
3) Ако, за време на натпреварот, ученик-натпреварувач сака да постави прашање, го повикува одговорниот наставник (тестатор) во училницата, кој го повикува координаторот преку мобилен телефон. Координаторот, во присуство на уште еден наставник-ментор, одлучува дали треба да одговори на прашањето од ученикот. Прашањето мора да биде поставено тивко, кратко и јасно. Доколку двата наставника заклучат дека прашањето заслужува одговор, координаторот гласно го повторува прашањето и дава одговор кој треба да го слушнат сите ученици во училницата. Во спротивно, повторно гласно, се одговара на пример: „Тоа не е од значење за натпреварот".
4) Координаторот пред натпреварот го подига/добива тестовниот и другиот потребен материјал од соодветната база за достава во најблиското место.
5) Веднаш по натпреварот и собирањето на тестовите од натпреварувачите, координаторот го организира означувањето на тестовите со шифри (на означеното место на секој тест и коверт), а потоа и прегледувањето на тестовите со учество на сите наставници ментори.
6) Тестовите се прегледуваат според доставените клучеви во посебен коверт, кој се отвора дури откако ќе се шифрираат тестовите и треба да почне прегледувањето, но не пред тоа!
7) По прегледувањето на тестовите, координаторот го пополнува Записникот, во кој се потпишуваат сите наставници, тестатори и координаторот, кој заедно со комисијата го пакува целиот тестовен материјал и Записникот и го предава/праќа на организаторот на натпреварот, според договорот.
8) Резултатите ќе бидат објавени на веб страницата на СХТМ по добивање на материјалите од сите општини.

## Достава на тестовниот и друг материјал

Пред отпочнување на натпреварот на координаторот ќе му бидат доставени комплетни материјали за изведување на натпреварот кои содржат:

- список на ученици (доставени и по електронски пат - за подготовка на распоредот за седење по училници)
- упатство за членовите на општинската комисија (доставено и електронски)
- тестови со коверти (се подигаат од брза пошта или доставуваат од претставник на СХТМ)
- клучеви за прегледување на тестовите (залепени во посебно плико)
- формулар за записник.